# ВИСИНА НА СТАПКА НА КАЗНЕНА И ДОГОВОРНА КАМАТА
## ОД 01.07. -31.12.2014 ГОДИНА

| **Видови договори** | | **законска казнена камата** | | **договорна казнена камата** | | **договорна камата** | | **кога не е определена стапката** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **за обврска во денари** | **за обврска во девизи** | **за обврска во денари** | **за обврска во девизи** | **за обврска во денари** | **за обврска во девизи** | **за обврска во денари** | **за обврска во девизи** |
| *- трговски договори и договори помеѓу трговци и лица на јавното право* | *01.07.- 31.12.* | *13,25%* | *10,099%* | *најмногу до 19,875%* | *најмногу до 15,1485%* | *не повисока од 19,875%* | *не повисока од 15,1485%* | *6,625%* | *5,0495%* |
| *- договори во кои барем едното лице не е трговец односно е физичко лице* | *01.07.- 31.12.* | *11,25%* | *8,099%* | | | *не повисока од 11,25%* | *не повисока од 8,099%* | *3,75%* | *2,699%* |
| *- други видови облигациони односи (причинување штета, работодавство без налог, стекнување без основ, еднострани изјави на волја и други облигациони односи утврдени со посебни закони, како што е на пример издршката)* | *01.07.- 31.12.* | *11,25%* | *8,099%* | | | | | | |

***Забелешка:*** *Како лица на јавното право се сметаат лицата кои се обврзани да постапуваат според постапката за јавни набавки, освен трговците.*

## ЗАКОНСКА КАЗНЕНА КАМАТА

Согласно **член 266-а** од Законот за облигациони односи ("Службен весник на РМ" бр. 18/01...161/09), законската казнена камата се утврдува кога референтната стапка што ја објавува НБРМ на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, ќе се зголеми за **10 процентни поени** во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за **8 процентни поени** во договорите во кои барем едното лице не е трговец (за граѓани).

Согласно објавата на НБРМ од 25 јуни 2014 година, референтната стапка за пресметување на казнена камата, за периодот **од 01.07.2014 до 31.12.2014 година изнесува 3,25%.**

Кога паричната обврска е изразена или определена во странска валута, казнената камата се определува за секое полугодие во висина на едномесечната стапка на Еурибор за евра што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за 10 процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за 8 процентни поени во договорите во кои барем едното лице не е трговец (за граѓани).

Стапката на Еурибор на 30.06.2014 изнесува 0,099%.

## ДОГОВОРНА КАЗНЕНА КАМАТА

Во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право може да се договори и повисока стапка од стапката на законската казнена камата што важела на денот на склучување на договорот, но максимум до 50% повисока од утврдената законска казнена камата.

## ДОГОВОРНА КАМАТА

Според **член 388** од Законот за облигациони односи, договорната камата во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право се определува договорно, но не повисока од стапката на законската казнена камата од член 266-а зголемена максимум за 50%. Договорната камата во договорите меѓу лица од кои барем едното не е трговец, не може да биде повисока од стапката на законската казнена камата за соодветната валута што важела на денот на склучувањето на договорот, односно на денот на промената на каматната стапка, ако е договорена променлива каматна стапка.

## КОГА НЕ Е ОПРЕДЕЛЕНА СТАПКАТА

Ако плаќањето на камата е договорено, а не е определена нејзината стапка, во договорите меѓу лицата од кои барем едното не е трговец се применува каматна стапка во висина од 1/3 од стапката на законската казнена камата за соодветната валута, а во трговските договори или договорите меѓу трговци и лицата на јавното право се применува каматна стапка во висина од 1/2 од стапката на законската казнена камата, за соодветната валута.